# Објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво – општина Струмица

**Скопје, 18.12.2020г. –** Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги објавува јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво на подрачјето на општина Струмица кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од АЕК и тоа на 91.0 MHz.

- Конкурсната документација  за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво на подрачјето на општина Струмица и образецот – Пријава за учество на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица, можат да се подигнат во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Палата „Панко Брашнаров“, ул.„Македонија” бр.38, Скопје, секој работен ден од 8:00 до 16:00 часот;
- За конкурсната документација се плаќа надоместок во износ од 60.000,00 (шеесетиљјади) денари на жиро сметка: 300000000618023, на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Банка депонент: Комерцијална банка АД Скопје;
- Пријавите на кандидатите кои нема да го платат надоместокот за документацијата, кои ќе бидат поднесени по истекот на рокот определен со Одлуката, несоодветно обележаните пријави, некомплетните пријави (кои нема да ги содржат сите документи и прилози согласно Пријавата),

неуредно пополнетите пријави, како и пријавите кои нема да бидат поднесени во 2 (два) примерока (оригинал и копија), нема да се разгледуваат.

**Пријава за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво на подрачјето на општина Струмица**

Крајниот рок за поднесување на пријави по Јавниот конкурс е заклучно до 22.03.2021 година (понеделник).